Средствата предвидени во Раздел 65 — Средства за финансирање на други општествено-политички заедници, позиции од 571 до 582 им се ставаат на располагање на општините, по правило, во еднакви месечни износи по истекот на месецот, а во сообразност со резултатите од наплатата на приходите од населението.

Член 20

Средствата предвидени во разделите 64, 65 и 66 ќе ги извршува републичкиот секретаријат за финансии.

Член 21

Приходите што ќе ги остварат републичките органи на управата од вршењето на услуги, намалени за материјалните расходи направени за остварување на тие приходи, ќе се внесат во Буџетот, освен приходите на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, Казнено-поправниот дом — Идризово, Воспитно-поправниот дом — Тетово, Казнено-поправниот дом од отворен вид — Струга, Републичкиот хидрометеоролошки завод, Републичкиот завод за статистика, Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка и Матицата на иселениците на Македонија.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот секретаријат за внатрешни работи ќе ги користи за набавка на опрема и за реализација на Програмата за модернизација на Службата за внатрешни работи од надлежност на Републиката.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот хидрометеоролошки завод ќе ги користи за набавка на опрема според програмата за развој на хидрометеоролошките работи од општ интерес за Републиката.

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот завод за статистика ќе ги користи за набавка на опрема според програмата за развој

Приходите што ќе ги оствари Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка ќе се користат како учество на Републиката за изградба и опремување на објекти и за издавање на учебници за потребите на насоченото образование.

Приходите од став 1 на овој член ќе се уплатуваат на сметка на Буџетот најмалку еднаш во три месеци по поднесувањето на периодичната пресметка.

Член 22

Ако приходите што со својата дејност ги остваруваат републичките органи на управата, како и другите приходи што му припаѓаат на Буџетот, бидат погрешно наплатени или ќе се наплатат во износ поголем од пропишаниот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а ако такви приходи нема — на товар на другите видови на приходи.

Решение за враќање на приходите од став 1 на овој член донесува републичкиот секретар за финансии.

Член 23

Ако средствата на Буџетот распоредени по корисници на средства бидат погрешно исплатени или исплатени во износ поголем од пропишаниот, погрешно или повеќе исплатениот износ ќе се врати во Буџетот.

Решение за враќање на средствата од став 1 на овој член донесува републичкиот секретар за финансии, ако со закон не е определено поинаку.

Член 24

Средствата од Буџетот за материјални трошоци и посебни намени, кои се распоредени на корисниците на средствата, а не се потрошени, се враќаат во Буџетот најдоцна до 15 јануари 1987 година, доколку со закон или со друг акт на Собранието на Социјалистичка Република Македонија не е определено поинаку.

Доколку средствата не се вратат во рокот од став 1 на овој член, тие ќе се задржат од средствата за соодветна намена предвидени во Буџетот за 1987 година.

Член 25

Од нераспределениот дел на приходите (тековната буџетска резерва) по правило, не можат да се одобруваат средства за намени, кои при донесувањето на Буџетот не се усвоени.

Член 26

Буџетот се извршува од 1 јануари до 31 декември 1986 година.

По исклучок од став 1 на овој член, обврските по основ на придонесот на Буџетот на Федерацијата можат да се извршуваат до 31 јануари 1987 година.

За намирување на обврските од став 2 на овој член ќе се користат приходите што ќе се наплатат до крајот на месец јануари 1987 година, а кои се однесуваат за 1986 година.

Член 27

Од средствата за амортизација на објектите на републичките органи на управата предвидени во Буџетот, 80% се внесуваат на сметката од член 14 на овој закон, ако со закон не е определено поинаку.

Член 28

Ако со контролата се утврди дека организацијата на здружениот труд што се занимава со превоз на патници во јавниот сообраќај врз основа на неточна документација наплатила од Буџетот средства на име надоместок за искористени повластици за групни патувања на деца и младинци, должна е така наплатените средства да ги врати во Буџетот заедно со каматата по стапка од 0,10% дневно. Каматата се пресметува од денот кога тие средства се наплатени до денот на нивното враќање.

Член 29

Корисниците на средствата можат да создаваат обврски до 31 декември 1986 година, во границите на со Буџетот распоредените средства за определени намени.

Член 30

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

**730.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1985 ГОДИНА

Се прогласуваат Измените на Републичкиот буџет за 1985 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3862/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ИЗМЕНИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1985 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1985 година („Службен весник на СРМ" број 42/84 и 35/85), во член 1 став 1 износот „27.919.715.000" се заменува со износот „28.348.613.000".

Во став 2 точка 1 износот „20.496.815.000" се заменува со износот „21.146.053.000", а во точка 2 износот „7.422.900.000" се заменува со износот „7.202.560.000".

Член 2

Во член 3 — Биланс на приходите и расходите на Републичкиот буџет за 1985 година во оддел I Приходи, во точка 1 непосредни изворни приходи, група 73 — Приходи од даноци на промет на производи и услуги и од даноци на промет на недвижности и права на контото 731 — Посебен републички данок на промет на производи, износот „4.100.815.000" се заменува со износот „4.750.053.000". Во ставот — Сè група 73, износот „18.150.815.000" се заменува со износот „18.800.053.000", во вкупно непосредни изворни приходи, износот „20.496.815.000" се заменува со износот „21.146.053.000". Во точка 2, Трансферни средства — Група 78 — Приходи од други општествено-политички заедници, на контото 782 — Дополнителни средства од Буџетот на Федерацијата на двете места и во ставовите — Сè група 78 и вкупно трансферни средства, износот „7.422.900.000" се заменува со износот „7.202.560.000" и вкупно приходи (од 71 до 78) износот „27.919.715.000" се заменува со износот „28.348.613.000".

Во оддел II Расходи Група 44 — Пренесени средства на други општествено-политички заедници — на контото 440 — Придонес за Буџетот на Федерацијата, износот „14.353.349.000" се заменува со износот „14.782.247.000" и вкупниот износ на групата 44 на двете места „14.796.253.000" се заменува со износот „15.225.151.000".

Во ставката Вкупно расходи (од 40 до 48), износот „27.919.715.000" се заменува со износот „28.348.613.000".

Член 3

Во член 4 од првиот ред, износот „27.919.715.000" се заменува со износот „28.348.613.000".

Во раздел 65 — Средства за финансирање на други општествено-политички заедници, позиција 566 конто 440 — Придонес на Републиката за Буџетот на федерацијата износот „14.353.349.000" на двете места се заменува со износот „14.782.247.000". Во ставката Вкупно раздел 65 (позиции од 566 до 582), износот „14.796.253.000" се заменува со износот „15.225.151.000".

Член 4

Овие измени влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**731.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за утврдување на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3855/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се утврдуваат краиштата во Социјалистичка Република Македонија кои во периодот од 1986 до 1990 година се сметаат за стопански недоволно развиени.

Член 2

Како стопански недоволно развиени краишта се сметаат подрачјата на општините: Берово, Македонски Брод, Виница, Гостивар, Дебар, Демир Хисар, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Радовиш, Ресен, Струга и Тетово.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

**732.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за републичките даноци на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3848/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ ДАНОЦИ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за републичките даноци на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 50/82, 38/83, 3/85 и 16/85) во член 2 алинеја 1 стапката „0,5%" се заменува со стапката „2,2%".

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

„Републичкиот данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност се плаќа по следниве стапки:

1. За обврзниците на кои земјоделството им е основна дејност — 1% и
2. За обврзниците на кои земјоделството не им е основна дејност — 20%.

Од републичкиот данок од личен доход од вршење на земјоделска дејност од став 1 на овој член, 50% се отстапува како приход на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

**733.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3849/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ" број 39/82, 48/82, 23/83, 13/84, 23/84, 31/84 и 22/85), членот 26 се брише.

Член 2

Во Тарифата на посебниот републички данок на промет во тарифниот број 1 став 1 бројот „4,75" се заменува со бројот „5,50", а забелешката се брише.

Во тарифниот број 2 став 1 алинеја 3 бројот „4" се заменува со бројот „5" и во алинеја 5 бројот „12,5" се заменува со бројот „13,5".

Во тарифниот број 3 став 1 бројот „35" се заменува со бројот „36".

Во тарифниот број 4 став 1 бројот „4,60" се заменува со бројот „5,20".

Во тарифниот број 4-а по став 1 се додава нов став, кој гласи:

„Посебен републички данок на промет на производи по овој тарифен број се плаќа и на моторните возила што ги увезуваат граѓаните и граѓанско-правните лица. Во овој случај посебниот данок го плаќа граѓанинот, односно граѓанско-правното лице во местото на својсто живеалиште односно седиште".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

---

**734.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за административните такси,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3847/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за административните такси („Службен весник на СРМ број 45/72, 30/77, 25/84 и 31/84) во Тарифата на републичките административни такси, во Тарифниот број 4-а точката 3 од забелешките, се менува и гласи:

„3. Приходите остварени од таксите пропишани во овој тарифен број се уплатуваат за посебни намени на републичкиот орган на управата надлежен за внатрешните работи".

Член 2

Приходите остварени од таксите во тарифниот број 4-а во 1986 година 70 отсто се уплатуваат за посебни намени на републичкиот орган на управата надлежен за внатрешни работи, а 30 отсто се отстапуваат на општината на чие подрачје е лоциран граничниот премин.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

**735.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ВТОРАТА ФАЗА НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА АЕРОДРОМОТ „СКОПЈЕ"

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на втората фаза на реконструкцијата на Аеродромот „Скопје",

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30. XII. 1985 година.

Бр. 08-3850/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ВТОРАТА ФАЗА НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА АЕРОДРОМОТ „СКОПЈЕ"

Член 1

Во Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на втората фаза на реконструкцијата на Аеродромот „Скопје" („Службен весник на СРМ" број 38/81), во член 2 став 1 износот „60" се заменува со износот „500".

Во став 2 зборовите: „средствата на Републиката за инвестиции во стопанството" се заменуваат со зборовите: „Републичкиот буџет во 1987, 1988 и 1989 година".

Член 2

По член 2 се додава нов член, кој гласи:

„Член 2-а

Средствата од член 2 на овој закон ќе се користат по претходно обезбедено учество на градот Скопје, во висина од 40% од пресметковната вредност на реконструкцијата".

Член 3

Во член 4 став 1 зборовите: „дел од" и во член 5 зборовите: „делот од" се бришат.

Член 4

По член 5 се додава нов член, кој гласи:

„Член 5-а

За реализација на намената од член 1 на овој закон, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија може да користи привремено и други средства на Републиката".

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**736.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОБВРСКИТЕ СОЗДАДЕНИ СО ИЗГРАДБАТА НА ПРОЕКТОТ „ФЕНИ" — КАВАДАРЦИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ" — Кавадарци,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3852/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОБВРСКИТЕ СОЗДАДЕНИ СО ИЗГРАДБАТА НА ПРОЕКТОТ „ФЕНИ" — КАВАДАРЦИ

Член 1

Во Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „ФЕНИ" — Кавадарци („Службен весник на СРМ" број 3/85), во член 3 точката 1) се менува и гласи:

„1) Дополнителен републички данок од доход на организациите на здружениот труд по стапка од 1,5%, освен обврзниците што данокот го плаќаат по следниве стапки, и тоа:

— по стапка од 4,5% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, групата 01309 — Производство на други прехранбени производи; од областа 07 — Трговија, подгрупите: 070222 — Сурова кожа, волна и слично, 070225 — Хемиски производи, бои и лакови, и 070229 — Тутун и други непрехранбени производи, групата 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати и гранката 0703 — Надворешна трговија, од областа 11 — Финансиски, технички и деловни услуги, гранките: 1101 — Банкарство, 1102 — Осигурување на имоти и лица;

— по стапка од 3% — обврзниците од областа 07 — Трговија, гранката 0702 — Трговија на големо, освен, групата 07021 — Трговија на големо со прехранбени производи, подгрупите: 070222 — Сурова кожа, волна и слично, 070225 — Хемиски производи, бои и лакови, 070227 — Лекови и санитетски материјал, 070229 — Тутун и други непрехранбени производи и групата 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати;

— по стапка од 0,10% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, подгрупата 010102 — Производство на термоелектрична енергија, гранката 0102 — Производство на јаглен, групите: 01121 — Производство на стакло, 01142 — Производство на земјоделски машини, 011722 — Производство на радио и телевизиски приемници и електроакустични апарати и уреди, 011723 — Производство на комуникациони апарати и уреди, 012002 — Производство на камен, чакал и песок, групите: 01211 — Производство на вар и гипс, 01213 — Производство на тули и керамиди, 012142 — Производство на префабрикувани градежни елементи, 0122 — Производство на режана граѓа и плочи, 0123 — Производство на финални производи од дрво, 012691 — Производство на прекривачи за под; од областите: 02 — Земјоделство и рибарство; 03 — Шумарство; 04 — Водостопанство; 05 — Градежништво; 06 — Сообраќај и врски; од областа 07 — Трговија, групата 07011 — Трговија на мало со прехранбени производи; од областите: 08 — Угостителство и туризам; 09 — Занаетчиство; 10 — Станбено-комунални дејности и уредување на населби и простори; гранката 1105 — Геолошки истражувања; 12 — Образование, наука, култура и информации освен подгрупата 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови и од областа 13 — Здравствена и социјална заштита".

Член 2

Во член 4 стапката „15%" се заменува со стапката „10".

Член 3

Член 7 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

**737.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ДЕЛ ОД КАМАТИТЕ НА КРЕДИТИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за давање надоместок на дел од каматата на кредитите за определени намени во периодот од 1986 до 1990 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3856/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ДАВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ДЕЛ ОД КАМАТАТА НА КРЕДИТИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ НАМЕНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Банките што ќе даваат кредити за намените определени со овој закон во периодот од 1986 до 1990 година имаат право на надоместок на дел од каматата на начинот и под условите определени со овој закон.

Средствата за надоместок на дел од каматата се обезбедуваат од Републичкиот буџет.

Член 2

Банките ќе остваруваат надоместок на дел од каматата на кредитите од сите извори на средства, освен на средствата од Фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, што ги даваат за:

1. развој на сточарството — за делот на каматата утврден со Програмата за создавање резерви на месо во жив добиток во СР Македонија и

2. извршување на проектот за наменско производство за дел на каматата утврден со Општествениот договор за реализација на Проектот за наменско производство.

Член 3

Надоместокот на делот од каматата не може да се оствари за износот на кредитите што не е вратен во договорениот рок.

Член 4

Барањето за признавање надоместок на дел од каматата банката го поднесува до Службата на општественото книговодство кај која има жиро сметка. По извршената контрола за оправданоста на барањето, Службата на општественото книговодство го доставува до Републичкиот секретаријат за финансии.

Член 5

Се овластува републичкиот секретар за финансии да донесе поблиски прописи за постапката за остварување на правото на надоместок на дел од каматата во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Обврските создадени според прописите за давање надоместок на дел од каматата на кредитите за определени намени во периодот од 1981 до 1985 година и обврските на Републиката за истражувачките работи во рударството се намируваат во висина и сразмерно на средствата што ќе се формираат од наплатени ануитети по кредитите користени од средствата на Републиката за инвестиции во стопанството.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

**738.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТА НА ЗАКОНОТ ЗА НАДОМЕСТОК НА НЕГАТИВНИТЕ КУРСНИ РАЗЛИКИ ПО ЗАЕМИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за престанок на важноста на Законот за надоместок на негативните курсни разлики по заемите од Меѓународната банка за обнова и развој,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3853/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.
Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ЗАКОНОТ ЗА НАДОМЕСТОК НА НЕГАТИВНИТЕ КУРСНИ РАЗЛИКИ ПО ЗАЕМИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Член 1

Законот за надоместок на негативните курсни разлики по заемите од Меѓународната банка за обнова и развој („Службен весник на СРМ" број 41/75, 22/76 и 25/81) престанува да важи на 31 декември 1985 година.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**739.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНАТА НА НЕКОИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за обезбедување и насочување на средства за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3854/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.
Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО И ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНАТА НА НЕКОИ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи („Службен весник на СРМ" број 37/83, 8/84, 17/84, 3/85 и 35/85), во називот во член 1 и во член 8 зборот „земјоделското" се заменува со зборовите: „земјоделството и на сточарството", а зборовите: „производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи" се бришат.

Член 2

Член 3 се менува и гласи:

„Средствата се користат за:

— премии за пченица, 'рж, сончоглед, маслодајна репка, соја, шеќерна репка, памук и млеко;

— регрес за вештачки ѓубрива, семенска пченица и хибридна пченка;

— освојување на нови земјоделски површини;

— развој на сточарството,

— подигање на вештачки ливади и унапредување на пчеларството и

— унапредување на индивидуалното земјоделство".

Член 3

Член 7 се менува и гласи:

„Обврзниците од член 5 на овој закон ги пресметуваат и ги издвојуваат средствата по стапка од 1,2% од основицата утврдена во член 6 на овој закон, освен обврзниците што издвојуваат средства по следниве стапки и тоа:

— по стапка од 3,5% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, групата 01309 — Производство на други прехранбени производи, од областа 07 — Трговија, подгрупите: 070222 — Сурова кожа, волна и слично, 070225 — Хемиски производи, бои и лакови и 070229 — Тутун и други непрехранбени производи, групата 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати и гранката 0703 — Надворешна трговија; од областа 11 — Финансиски, технички и деловни услуги, гранките: 1101 — Банкарство и 1102 — Осигурување на имоти и лица;

— по стапка од 2,5% — обврзниците од областа 07 — Трговија, гранката 0702 — Трговија на големо, освен групата 07021 — Трговија на големо со прехранбени производи и подгрупите: 070222 — Сурова кожа, волна и слично, 070225 — Хемиски производи, бои и лакови, 070227 — Лекови и санитетски материјал, 070229 — Тутун и други непрехранбени производи и групата 07024 — Трговија на големо со нафта и нафтени деривати;

— по стапка од 0,10% — обврзниците од областа 01 — Индустрија и рударство, подгрупата 010102 — Производство на термоелектрична енергија, гранката 0102 — Производство на јаглен, групите 01121 — Производство на стакло, 01142 — Производство на земјоделски машини, приемници и електроакустични апарати и уреди, подгрупите 011723 — Производство на комуникациони апарати и уреди, 012002 — Производство на камен, чакал и песок, групите 01211 — Производство на вар и гипс и 01213 — Производство на тули и керамиди, подгрупата 012142 — Производство на префабрикувани градежни елементи, гранките 0122 — Производство на режана граѓа и плочи и 0123 — Производство на финални производи од дрво и подгрупата 012691 — Производство на прекривачи за под; — областите: 02 — Земјоделство и рибарство, 03 — Шумарство; 04 — Водостопанство; 05 — Градежништво; 06 — Сообраќај и врски, од областа 07 — Трговија, групата 07011 — Трговија на мало со прехранбени производи, областите 08 — Угостителство и туризам; 09 — Занаетчиство; 10 — Станбено-комунални дејности и уредување на населби и простор; гранката 1105 — Геолошки истражувања, од областа 12 — образование, наука, култура и информации, освен подгрупата 120363 — Изнајмување и дистрибуција на филмови и областа 13 — Здравствена и социјална заштита.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

---

**740.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година.

Бр. 08-3846/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува организацијата и функционирањето на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија.

Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија (Службата) ги врши работите утврдени со Законот за Службата на општественото книговодство (Сојузен закон) и со овој закон.

Член 2

Службата во рамките на својот делокруг врши: евиденција и информативно-аналитички работи за располагањето со општествените средства, контрола на исправноста на податоците за располагањето со општествените средства, контрола на законитоста на располагањето со општествените средства и контрола на извршувањето на обврските на организациите на здружениот труд и на другите корисници на општествени средства, економско-финансиска ревизија и други работи на општественото книговодство, утврдени со закон или со пропис врз основа на закон, како и работи на платниот промет во земјата.

Член 3

Во согласност со основите на општествениот систем на информирањето, за организациите на здружениот труд и за другите корисници на општествени средства, Службата обезбедува евидентирање, собирање, обработка, пренос и искажување на податоците што ги собира, односно со кои располага, а што се значајни за следењето, планирањето, насочувањето и усогласувањето на односите во општествената репродукција и на стопанскиот и општествениот развој во целост.

Во согласност со основите на општествениот систем на информирањето, на организациите на здружениот труд и на другите корисници на општествени средства Службата им обезбедува податоци врз основа на кои работниците и другите работни луѓе, органите на управување и органите на самоуправната работничка контрола, односно органите на самоуправната контрола остваруваат увид во материјалната состојба и во финансиското и материјалното работење на своите и на другите организации на здружениот труд, односно на другите корисници на општествени средства.

Член 4

Пред надлежниот уставен суд Службата поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на прописите и на самоуправните општи акти што ги применува во вршењето на работите од својот делокруг ако оцени дека не се во согласност со Уставот, односно дека не се во согласност со законот или се спротивни на законот.

Службата е должна, пред поведувањето на постапката од став 1 на овој член, да го предупреди доносителот на прописот или на самоуправниот општ акт за несогласноста на прописот или на самоуправниот општ акт со Уставот, односно за несогласноста или спротивноста на прописот или на самоуправниот општ акт со законот.

Член 5

Работите од член 2 на овој закон се работи, односно дејности од посебен општествен интерес и во нивното вршење Службата има јавни овластувања утврдени со закон.

Член 6

Службата одговара за својата работа пред Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Надзор над работата на Службата врши Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 7

Службата е правно лице со права, обврски и одговорности што ги има врз основа на устав, закон и статут.

Седиштето на Службата е во Скопје.

II. ПОЛОЖБА НА СЛУЖБАТА

Член 8

Службата е единствена, самостојна и независна организација која како заедничка служба на организациите на здружениот труд и на другите корисници на општествени средства и информациона служба на општествениот систем на информирањето, ги врши работите на општественото книговодство и работите на платниот промет во земјата.

Член 9

Службата работи врз основа на закон и други прописи и во рамките на своите права и должности е одговорна за нивното применување.

Во вршењето на работите од својот делокруг, Службата применува единствена постапка и единствен метод на работа и обезбедува единствено применување на прописите.

Член 10

Кога корисниците на општествени средства презеле обврски по основ на придонеси спрема самоуправните интересни заедници за кои со закон е утврдена обврска за основање, односно кои се основани со закон Службата врши контрола на извршувањето на тие обврски.

Службата го следи извршувањето на обврските по основ на придонеси спрема самоуправните интересни заедници чие основање по закон не е задолжително, ако учесниците на спогодбата со која заедницата е основана тоа го бараат. Службата може врз основа на склучен договор со учесниците во самоуправното договарање да ги извршува и мерките предвидени со самоуправна спогодба.

Со следењето на извршувањето на обврските од став 2 на овој член, во рамките на овластувањата и обврските кои од нив произлегуваат за Службата, се обезбедуваат соодветни финансиски податоци, показатели, информации и анализи за кои Службата ги известува органите кои го следат извршувањето на самоуправните спогодби, заинтересираните општествено-политички заедници, како и други заинтересирани организации.

Член 11

Службата го следи остварувањето на односите во распоредувањето на чистиот доход, кои основните организации на здружениот труд и други корисници на општествени средства ги утврдиле врз самоуправна основа во самоуправните спогодби на заедничките основи и мерила за распоредување на чистиот доход.

Службата може врз основа на договор со учесниците на самоуправното спогодување за работите од ставот 1 од овој член, да ги извршува и мерките што се предвидени со тие самоуправни акти.

Член 12

Службата ги известува организациите на здружениот труд и другите корисници на општествени средства, како и општествено-политичките заедници и општествено-политичките организации за согледувањата и појавите во развојот на општествено-економските односи што ги уочува во вршењето на работите од својот делокруг, се грижи за уставноста и законитоста и за остварувањето на општествената одговорност во располагањето со општествените средства и презема мерки, за чие преземање е овластена со закон ,заради спречување и отстранување на неуставноста, незаконитостите и другите општествено негативни појави во располагањето со општествените средства.

Член 13

Во вршењето на работите од својот делокруг, Службата соработува со организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, стопанските комори и со другите општи здруженија, со општествено-политичките организации, со органите и организациите на општествено-политичките заедници, инспекциските органи, со органите за откривање и гонење на сторителите на кривични дела, стопански престапи и прекршоци и со други органи надлежни за контрола односно надзор, со правосудните органи и со другите државни органи, како и со другите организации и заедници.

Во вршењето на работите на евиденција и информативно-аналитичките работи, Службата соработува со организациите за работи на планирањето, организациите за работи на статистиката и со другите информациони служби на општествениот систем на информирањето.

Член 14

Заради јакнење на дисциплината во финансиското и материјалното работење и спречување и оневозможување на незаконитостите и неправилностите во располагањето со општествените средства и заради решавање на други прашања од заеднички интерес, Службата во вршењето на работите од својот делокруг, соработува со органите на управувањето и со другите органи на организациите на здружениот труд и на другите корисници на општествени средства, а посебно со органите на самоуправната работничка контрола, односно со органите на самоуправната контрола.

Соработката во смисла на став 1 од овој член, Службата ја остварува со доставување на податоци, информации и анализи што се значајни за вршењето на функциите на тие органи, со остварување увид и вршење контрола на нивно барање, со известување за утврдената состојба и преземените мерки, со учество на свои претставници на нивните седници кога се разгледуваат информации и анализи на Службата и со давање потребна стручна помош, со стручни консултации и на друг погоден начин.

III. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА СЛУЖБАТА ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ СИСТЕМ НА ИНФОРМИРАЊЕТО

Член 15

Службата врши определени работи и задачи од својот делокруг во информациониот систем во Републиката од интерес за сите субјекти на општествениот систем на информирањето и има права, обврски и одговорности утврдени со Законот за општествениот систем на информирањето и за информациониот систем на Социјалистичка Република Македонија и со овој закон.

Заради остварување на рационално и ефикасно функционирање на општествениот систем на информирањето, Службата е должна да обезбеди поврзување со другите информациони служби во Републиката.

Член 16

Службата е должна да обезбеди организирана и уредна целина на содржини, методи и средства на непосредно вршење на дејностите во областа на општествениот систем на информирањето на територијата на Републиката.

Во извршувањето на работите, информационата дејност на Службата претставува дел на единствениот информационен систем на Службата на општественото книговодство, во согласност со Сојузниот закон.

Член 17

Службата е должна да ја организира и развива информационата дејност на начин со кој се обезбедува техничко-технолошко единство и рационално функционирање на системот.

Член 18

Корисниците на општествени средства се должни навремено да ѝ доставуваат на Службата вистинити и потполни податоци и информации.

Службата е должна при барањето на податоците и информациите од корисниците на општествени средства да го наведе правниот основ за собирање на тие податоци и информации.

Член 19

Службата е должна податоците коишто ги собрала и обработила да ги архивира и да ги стави на располагање на другите информациони служби на нивно барање, заради вршење на нивната функција и обезбедување на достапност на податоците и информациите на сите субјекти на општествениот систем на информирањето.

Член 20

Службата е должна својата програма на евидентирање, собирање, обработка, пренос и искажување на податоците и информациите да ја усогласува со програмите на истражувања од интерес за информациониот систем во Републиката.

Член 21

За потребите на собранијата и за другите корисници на општествени средства, Службата изготвува информации и анализи за движењето во стопанството, за појавите во располагањето со општествените средства, за спроведување на мерките на економската политика, за извршувањето на обврските на корисниците на општествени средства и за други појави и проблеми кои ги согледува во вршењето на работите од својот делокруг.

IV. ОРГАНИЗАЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ ВО СЛУЖБАТА

Член 22

Службата како единствена организација на територијата на Републиката, работите од својот делокруг ги врши преку своите организациони единици.

Организациони единици на Службата се Централата и филијалите.

Филијалите можат да имаат издвоени работни единици и тоа: експозитури и деловници.

Член 23

Централата на Службата (Централа) работи под назив „Служба на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — Централа во Скопје".

Филијалата на Службата (Филијала) работи под назив „Служба на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — Филијала во" со назначување на седиштето.

Експозитурата работи под назив „Служба на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — филијала во експозитура во", со назначување на седиштето на филијалата и експозитурата.

Деловницата работи под назив „Служба на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — филијала во — деловница во" со назначување на седиштето на филијалата и деловницата.

Член 24

Преку Централата, Службата обезбедува единствена постапка и единствен метод во вршењето на задачите и работите од својот делокруг и единствена примена на законите и другите прописи од страна на сите организациони единици.

Член 25

Централата ги врши особено следниве работи:

— подготвува стручни упатства за работа на организационите единици заради единствена примена на републичките прописи во вршењето на работите од делокругот на Службата;

— врши контрола над работата на филијалите;

— води постапка по жалбите против решенијата на филијалите и изготвува второстепени решенија;

— го утврдува и разработува системот на евиденции и обработка на статистички податоци од интерес за Републиката;

— врши економско-финансиска ревизија;

— собира, обработува и објавува податоци за остварувањето, распределбата и користењето на општествените средства на територијата на Републиката и за извршувањето на обврските на корисниците на општествени средства и

— изработува информации и анализи.

На барање на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија или на генералниот директор на Службата на општественото книговодство, како и кога тоа ќе го определи Советот на Службата или генералниот директор на Службата, Централата врши непосредна контрола на работењето на корисниците на општествени средства

Централата врши и други работи определени со закон, Статутот и другите општи акти на Службата.

Член 26

Филијалите непосредно ги извршуваат задачите и работите од делокругот на Службата, освен работите кои врз основа на овој закон и Статутот на Службата ги врши Централата.

Филијалите можат да вршат и задачи и работи од економско-финансиска ревизија.

Член 27

Филијала се основа за подрачјето на една или повеќе општини.

Со актот за основање на филијала се определува нејзиното подрачје и седиште.

Член 28

За основање на филијала и за промени на нејзиниот статус (спојување, приспојување или поделба) одлучува Советот на Службата на предлог од генералниот директор.

Член 29

За основање на издвоена работна единица и за промена на нејзиниот статус (спојување, приспојување и поделба) одлучува Советот на Службата на предлог од генералниот директор.

Со актот за основање на издвоената работна единица се определуваат работите кои единицата ќе ги извршува, како и нејзиното подрачје и седиште.

Член 30

Филијалите се должни правилно и навремено да ги вршат работите и задачите од својот делокруг, меѓусебно да соработуваат и една на друга да си даваат помош.

Во извршувањето на работите од став 1 на овој член, филијалите се должни да се придржуваат на упатствата на генералниот директор на Службата на општественото книговодство на Југославија и на упатствата на генералниот директор на Службата, донесени врз основа на закон.

Член 31

Службата, организационите единици и нивните издвоени деловни единици имаат печат и штембили.

Печатот од претходниот став го содржи името на Службата, името на организационата единица, издвоената деловна единица и грбот на Социјалистичка Република Македонија.

Со Статутот на Службата поблиску се утврдува обликот и димензиите на печатите и штембилите на Службата.

Начинот на употребата, ракувањето и чувањето на печатите и штембилите се уредуваат со посебен акт што го донесува генералниот директор.

Член 32

Службата донесува годишна програма за работа.

Годишната програма за работа на Службата ги опфаќа работите од интерес за целата земја, како и работите од интерес за Републиката, што се вршат на територијата на Републиката.

Организационите единици на Службата донесуваат свои годишни програми за работа со кои покрај работите и задачите од програмата за работа на Службата се утврдуваат и работите и задачите од интерес за општините за кои се основани, како и за корисниците на општествени средства од нивните подрачја.

Член 33

Собранието на Социјалистичка Република Македонија и Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, можат да бараат од Службата да изврши определени работи од својот делокруг, кои не се опфатени со програмата за работа.

Собранието на општината може да бара организационата единица на Службата надлежна за подрачјето на општината да врши одделни работи од својот делокруг, кои не се опфатени во програмата за работа.

Подносителот на барањето е должен да обезбеди потребни парични средства и други услови за извршување на работите од овој член.

Член 34

Службата му поднесува на Собранието на Социјалистичка Република Македонија годишен извештај за работата со завршна сметка, како и извештај за остварените средства за работа.

Организационите единици за своето работење им поднесуваат годишен извештај на собранијата на општините од нивните подрачја.

Член 35

Службата обезбедува јавност во својата работа со известување на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, односно на собранијата на општините за својата работа, како и со известување на заинтересираните органи и организации за уочените проблеми и појави од работата на корисниците на општествени средства.

Службата обезбедува јавност во работата и со известување преку печатот и другите средства за јавно информирање.

Член 36

Службата води книговодство по контниот план на органите на општествено-политичките заедници.

Службата донесува финансиски план и завршна сметка.

Член 37

Службата во Социјалистичка Република Македонија не плаќа општински и републички такси на списите и за дејства во постапката пред судовите и другите органи и организации.

Член 38

Службата има статут.

Со Статутот на Службата се утврдува особено: организацијата на Службата, условите и критериумите за основање на организациони единици и издвоени работни единици и статусните промени, делокругот на организационите единици и нивните меѓусебни односи; делокругот на органите на управување и на органите на раководење со Службата, односно со организационите единици и нивните меѓусебни односи; општите акти што ги донесува Службата и постапката за нивно донесување; начинот на остварување на општонародната одбрана и општествената самозаштита и внатрешната контрола, начинот на утврдувањето на приходите и начинот на распределбата на средствата на Службата, како и работните односи на работниците.

Статутот на Службата го донесува Советот на Службата, а го потврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОВЕТ НА СЛУЖБАТА И ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

**а) Совет на Службата**

Член 39

Заради остварување на организирано учествување на организациите на здружениот труд и на другите корисници на општествени средства во вршењето на работите од делокругот на Службата и општествено влијание врз вршењето на тие работи, се формира Совет на Службата.

Член 40

Советот на Службата го сочинуваат осум делегати на организациите на здружениот труд и од другите корисници на општествени средства избрани во рамките на Стопанската комора на Македонија, четири делегати избрани од редот на делегатите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и по еден делегат избран во рамките на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Сојузот на синдикатите на Македонија.

Во работата на Советот на Службата учествуваат пет делегати на работните заедници на организационите единици.

Генералниот директор по својата положба е член на Советот на Службата.

Мандатот на делегатите на Советот на Службата трае четири години.

Советот на Службата од својот состав избира претседавач за период од една година.

Член 41

За извршување на правата и обврските од член 39 од овој закон, Советот на Службата:

1) донесува статут на Службата;

2) донесува годишна програма за работа;

3) донесува годишен извештај за работата;

4) донесува финансиски план и утврдува завршна сметка;

5) донесува програма за унапредување на материјалната основа на работата на Службата и утврдување на средства за реализација на програмата;

6) донесува акт со кој се определува кои податоци и исправи претставуваат деловна тајна и степенот на тајноста на тие податоци и исправи;

7) донесува Програма за стручно образование и усовршување на работниците за вршење на работите од делокругот на Службата и општ акт за стручна подготовка и стручно образование;

8) донесува Тарифа за надоместоците за работите и услугите на Службата;

9) одлучува за основање и за статусни промени на филијалите и издвоените работни единици;

10) утврдува мерила и критериуми за определување на работните места во организационите единици кои се неопходни за вршење на работите од делокругот на Службата;

11) го утврдува распоредот, почетокот и завршувањето на работното време за сите организациони единици;

12) ги утврдува техничките и технолошките основи на информационата дејност што Службата ја врши и на обработката и преносот на податоците на платниот промет во земјата;

13) презема мерки за обезбедување на единството на информационата дејност што Службата ја врши и за поврзување на таа дејност со информационите дејности што ги вршат другите информациони служби во информациониот систем на Републиката;

14) ги именува и разрешува раководните работници во Службата по предлог на генералниот директор, во согласност со Статутот на Службата;

15) ги разгледува извештаите за извршувањето на работите од интерес за Републиката и одлучува за мерките што Службата ги презема за извршување на тие работи;

16) ги разгледува ставовите и мислењата, препораките и иницијативите на Советот на општествениот систем на информирањето на Републиката што се од општо значење за вршењето на работите од делокругот на Службата и

17) разгледува и одлучува и за други прашања од заеднички интерес за вршењето на работите од делокругот на Службата.

Член 42

Советот на Службата донесува деловник за работа.

Со деловникот за работа се утврдува организацијата и начинот на работата на Советот на Службата и други прашања значајни за работата на Советот на Службата.

### б) Генерален директор

Член 43

Со работата на Службата раководи генерален директор.

Генералниот директор ја претставува и застапува Службата, се грижи за извршувањето на работите од делокругот на Службата, за организацијата на работата на Службата, пропишува стручни упатства за работата на организационите единици, обезбедува контрола на применувањето на сојузните и републичките прописи, одлучува по жалбите на решенијата на филијалите во постапка на контрола, решава за судир на надлежностите меѓу организационите единици на Службата, донесува решенија во постапка на ревизија, врши наредбодавно право на средствата на Службата, како и други работи што со закон или со Статутот на Службата му се ставени во делокруг.

Член 44

Во вршењето на работите од интерес за Републиката, генералниот директор обезбедува контрола над применувањето на прописите и се грижи за нивното извршување.

Ако во вршењето на работите од делокругот на Службата, оцени дека прописите не се во согласност со Уставот и со закон, генералниот директор поведува постапка пред надлежниот уставен суд заради оценување на уставноста, односно на законитоста на тие прописи.

Член 45

Генералниот директор ги подготвува предлозите што ги разгледува и за кои одлучува Советот на Службата и се грижи за спроведувањето на одлуките, насоките и заклучоците на Советот на Службата.

Член 46

Заради обезбедување на вршењето на работите од делокругот на Службата во согласност со нивната природа и со одговорноста што работниците ја имаат во вршењето на тие работи, генералниот директор има право и должност:

1) да ги донесува општите акти за внатрешна организација и работа и за систематизација на задачите и работите во Службата, по претходно прибавено мислење на работната заедница на организационата единица и со согласност од Советот на Службата;

2) да поведува постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, односно постапка за утврдување на материјална одговорност во случај на повреда на работната должност, односно во случај на причинување штета при работата и во врска со работата на работниците во Службата и

3) да прибавува мислење од работните заедници на организационите единици за програмата за стручно образование и усовршување на работниците за вршење на работите од делокругот на Службата и за општиот акт за стручната подготовка и стручното образование на работниците во Службата пред поднесувањето на предлог до Советот на Службата.

Генералниот директор може да прибавува мислење од советот на работните заедници на организационите единици на Службата и за други општи акти што ги донесува Советот на Службата пред поднесувањето на предлогот до Советот на Службата.

Член 47

Заради обезбедување на уставност и законитост и навремено и успешно вршење на работите од делокругот на Службата, генералниот директор има право и должност:

1) да го запре од извршување самоуправниот општ акт на работната заедница на Службата за кој ќе оцени дека не е во согласност со уставот, односно дека е во спротивност со законот или со друг пропис или друг општ акт, откако ќе им предложи на работниците, односно на органот на управувањето што го донел, да го изменат таквиот акт, ако работниците односно органот на управување не го измени таквиот акт во определен рок;

2) да поведе постапка за оцена на уставноста, односно законитоста на самоуправниот општ акт на работната заедница на Службата што го запрел од извршување;

3) да го запре од извршување поединечниот акт на работната заедница на Службата, за кој ќе оцени дека не е во согласност со Уставот, со закон или со друг пропис, односно со самоуправниот општ акт на работната заедница на Службата, откако ќе им предложи на работниците, односно на органот на управувањето што го донел да го изменат таквиот акт, ако работниците, односно органот на управување не го измени таквиот акт во определен рок;

4) да го запре од извршување самоуправниот општ акт или поединечниот акт на работната заедница на Службата за кој ќе оцени дека го доведува во прашање навременото и успешното извршување на работите од делокругот на Службата, поради што може да дојде до штетни последици за Службата, односно за корисниците на општествени средства, откако претходно за тоа ќе ги предупреди работниците, односно органот на управување што го донел таквиот акт, ако работниците односно органот на управување во определен рок не постапат во согласност со тоа предупредување;

5) да му предложи на Советот на Службата да одлучи за самоуправниот општ акт или за поединечниот акт на работната заедница чиешто извршување го запрел и

6) да го извести Собранието на Социјалистичка Република Македонија за запрениот општ акт, односно поединечен акт на Советот на Службата за кој ќе оцени дека не е во согласност со законот, откако претходно за тоа ќе го предупреди Советот на Службата, ако Советот на Службата таквиот акт не го измени во рок од 30 дена од денот на предупредувањето, а ако е во прашање запрен општ акт, односно поединечен акт што се однесува на извршувањето на работите од интерес за целата земја, да го извести генералниот директор на Службата на општественото книговодство.

Ако Собранието на Социјалистичка Република Македонија не донесе одлука за запрениот општ акт, односно поединечен акт на Советот на Службата во рок од 90 дена од денот на известувањето на генералниот директор, престанува запирањето на извршувањето на таквиот акт.

Член 48

Генералниот директор го именува и го разрешува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Генералниот директор истовремено е и раководител на Централата.

Генералниот директор има заменик кого го именува и разрешува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Генералниот директор и неговиот заменик се именуваат на четири години и можат да бидат именувани најмногу двапати едноподруго на истата должност.

Заменикот на генералниот директор го заменува генералниот директор во случај на негова спреченост или отсутност, со сите негови овластувања и одговорности и ги врши работите што ќе му ги довери генералниот директор.

Член 49

Со Статутот на Службата или друг акт се утврдува кои работи од делокругот на Службата генералниот директор може да ги пренесе на својот заменик, на определени раководни работници и работници со посебни овластувања и одговорности.

Член 50

Генералниот директор и неговиот заменик се одговорни за својата работа и за извршувањето на работата на Службата пред Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Генералниот директор и неговиот заменик не можат да примаат насоки и налози од органите и функционерите на општествено-политичките заедници што не се засновани врз законот, ниту да постапуваат според нивните насоки и налози.

Член 51

Раководни работници во Службата се:

— помошник на генералниот директор;

— директор на организационен дел во Централата;

— директор на филијала;

— заменик на директорот на филијала;

— помошник на директорот на филијала и

— директор на експозитура.

Раководните работници се именуваат за време од четири години, а по истекот на тој рок можат повторно да бидат именувани.

**Директор на филијала**

Член 52

Директорот на филијалата раководи со работите на филијалата.

Директорот на филијалата се грижи за извршувањето на работите на Службата од делокругот на филијалата, за законитоста во работата на филијалата и работната заедница, за извршувањето на одлуките и насоките на Советот на Службата, се грижи за примената на стручните упатства што ги изготвува Службата на општественото книговодство на Југославија за единствено применување на сојузните прописи и за применување на упатствата што ги пропишува генералниот директор за единствена примена на републичките прописи, ја претставува филијалата во рамките на нејзините права и обврски утврдени со овој закон и со Статутот на Службата, одговара за организирањето и спроведувањето на работите од општонародната одбрана и општествената самозаштита, ја организира заштитата при работата, врши и други работи кои со закон, Статутот и другите општи акти на Службата и се ставени во надлежност

Директорот на филијалата е одговорен пред генералниот директор за својата работа и за извршувањето на работите од делокругот на филијалата.

Директорот на филијалата врши наредбодавни права во однос на средствата на Службата, со кои врз основа на финансискиот план на Службата располага филијалата.

Член 53

Работници со посебни овластувања и одговорности се работниците кои се овластени за вршење на работите на:

— контрола над применувањето на сојузните и републичките прописи и упатствата на генералниот директор на Службата на општественото книговодство и на генералниот директор на Службата и контрола кај корисниците на општествени средства, и

— економско-финансиска ревизија.

Работници со посебни овластувања и одговорности се и работниците кои се овластени за вршење на работите за водење на управно-сметководен спор.

Работниците од став 1. и 2 на овој член заснoвуваат работен однос под услови и на начин определен со Статутот на Службата и не подлежат на реизбор.

Член 54

Раководните работници им одговараат за својата работа на генералниот директор и на Советот на Службата, а работниците од член 51 алинеја 4, 5 и 6 и на директорот на филијалата.

Работниците со посебни овластувања и одговорности им одговараат за својата работа на директорот на филијалата и на генералниот директор.

Член 55

Работниците во Службата се должни задачите и работите што им се доверени да ги вршат совесно и уредно, во согласност со закон и други прописи, со Статутот и другите општи акти на Службата и се одговорни за законито и ефикасно вршење на тие задачи и работи.

**Работни заедници на организационите единици**

Член 56

Работниците во организационите единици на Службата образуваат работни заедници на организационите единици (работна заедница).

Со Статутот на Службата може да се формира работна заедница на Службата во која одделни самоуправни права, обврски и одговорности работниците ќе ги остваруваат на ниво на работната заедница на Службата.

Член 57

Работниците во Службата ги утврдуваат и остваруваат самоуправните права, обврски и одговорности во работните заедници на организационите единици во кои работат.

Генералниот директор и неговиот заменик ги остваруваат своите самоуправни права, обврски и одговорности во работната заедница на Централата, освен правата, обврските и одговорностите за кои со закон е предвидено да ги остваруваат на друг начин.

Раководните работници ги остваруваат своите самоуправни права, обврски и одговорности во работната заедница на организационата единица на која и припаѓаат.

Член 58

Работниците во работните заедници од член 57 на овој закон ги остваруваат самоуправните права, обврски и одговорности утврдени со Статутот и со другите самоуправни општи акти на работната заедница, во согласност со закон.

Член 59

Работниците во работните заедници стекнуваат доход сообразно со начелата на слободна размена на трудот, во согласност со самоуправната спогодба склучена меѓу Службата и работната заедница на Службата.

Со самоуправната спогодба од претходниот став се утврдуваат особено:

— правата, обврските и одговорностите на работната заедница во извршувањето на задачите и работите на Службата;

— основите и мерилата за стекнување на доходот;

— основните услови во поглед на структурата на задачите и работите и квалификационата структура на кадрите во работната заедница;

— прашањата во врска со утврдувањето на висината и условите за користење на средствата;

— начинот на решавање на меѓусебните спорови и

— други прашања од меѓусебните права, обврски и одговорности кои се од значење за правилно и навремено извршување на задачите и работите на Службата.

**Работни односи**

Член 60

Работен однос во Службата се заснова со работник кој ги исполнува општите и посебните услови предвидени со закон и општиот акт, врз основа на јавен конкурс или јавен оглас.

По исклучок, може да се заснова без јавен конкурс, односно јавен оглас со работник од друга организациона единица на Службата, кој работи на стручни и специфични работи и работни задачи и ако за тоа се спогодат раководителите на организационите единици и ако со тоа се согласи работникот.

Член 61

Јавниот конкурс и јавниот оглас ги спроведува конкурсната комисија која ја формира советот на работната заедница на организационата единица.

Конкурсната комисија е самостојна во работата.

Конкурсната комисија е должна да го утврди редоследот во листата на кандидатите според условите што одделни кандидати ги исполнуваат, во рок од 15 дена од денот на заклучувањето на јавниот конкурс односно јавниот оглас.

Член 62

Избор од листата на кандидатите врши раководителот на организационата единица по претходно прибавено мислење од советот на работната заедница на организационата единица.

Кандидатот што смета дека постапката во врска со јавниот конкурс не е спроведена во согласност со закон или дека е избран кандидат што не ги исполнува условите, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на известувањето за извршениот избор може да изјави приговор до комисија формирана од Советот на Службата.

Кандидатот што смета дека постапката во врска со јавниот оглас не е спроведена во согласност со закон или дека е избран кандидат што не ги исполнува условите, во рок од 15 дена од доставувањето на известувањето за извршениот избор може да поднесе приговор до раководителот на организационата единица.

Одлуката по приговорот е конечна.

Член 63

Раководителот на организационата единица, по претходно прибавено мислење од Советот на работната заедница на организационата единица одлучува за: потребата од прием на нови работници, распоредување на работниците на определени задачи и работи, за престанување на работниот однос и за остварување на другите права, обврски и одговорности од работниот однос, на начин утврден со Статутот на Службата и самоуправен општ акт.

Член 64

Со Статутот на Службата или со самоуправен општ акт во согласност со закон, се определува кои повреди на работната должност и работната дисциплина претставуваат потешка или полесна повреда на работната должност.

За сторената повреда на работната должност можат да се изречат дисциплински мерки утврдени со закон.

Член 65

Мерките за повреда на работната должност на раководните работници што ги именува Советот на Службата ги изрекува дисциплинската комисија што ја формира Советот на Службата.

Мерките за повреда на работната должност за другите работници ги изрекува дисциплинската комисија на работната заедница на организационата единица.

Дисциплинската комисија од став 2 на овој член ја избира работната заедница на организационата единица од редот на работниците во организационата единица.

Против одлуката на дисциплинската комисија од став 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба во рок утврден со општ акт, односно со самоуправен општ акт.

По жалбата против одлуката на дисциплинската комисија од став 1 на овој член одлучува Советот на Службата, а по жалбата против одлуката на дисциплинската комисија од став 2 на овој член одлучува второстепената дисциплинска комисија, формирана од Советот на Службата.

Составот и начинот на работата на дисциплинските комисии од став 1, 2 и 5 од овој член се уредува со Статутот на Службата.

Член 66

Предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорноста на работниците во Службата поради повреда на работната должност поднесува генералниот директор по своја иницијатива или по иницијатива од Советот на Службата, од раководителот на организационата единица, од советот на работната заедница на организационата единица, од органот на самоуправната работничка контрола и од организацијата на Синдикатот.

Генералниот директор е должен постапката од став 1 на овој член да ја поведе и на барање од корисниците на општествени средства.

**Средства за работа на Службата**

Член 67

Средствата за работа на Службата се остваруваат од:

1) надоместоците што се наплатуваат од организациите на здружениот труд и од другите корисници на општествени средства за вршење на работите на платниот промет во земјата од нивните жиросметки и други сметки и од надоместоците што се наплатуваат од општествено-политичките заедници, самоуправните интересни заедници и фондовите на општествено-политичките заедници, како и од самоуправните фондови за вршење на работи на евиденција, информативно-аналитички работи, работи на контрола и на економско-финансиска ревизија, од нивните збирни и други сметки;

2) надоместоците утврдени со самоуправната спогодба, односно со договор врз основа на кои Службата ги врши работите од својот делокруг за организациите на здружениот труд и за другите корисници на општествени средства;

3) надоместоците за вршење на работи на евиденција, информативно-аналитички работи и работи на контрола од интерес за целата земја, обезбедени од Буџетот на Федерацијата;

4) надоместоците за вршење на работи на евиденција, информативно-аналитички работи, работи на контрола од интерес за Републиката и

5) други извори утврдени со Статутот на Службата во согласност со Законот.

Член 68

Висината на надоместоците за работите и услугите за вршењето на платниот промет се определуваат со Тарифата за надоместоците за работите и услугите на Службата (Тарифа).

Член 69

Надоместоците за работите и услугите од член 68 од овој закон Службата ги пресметува и ги наплатува од сметките на корисниците на услугите, односно од сметките на приходите на општественополитичките заедници, самоуправните интересни заедници и фондовите.

Член 70

Со финансискиот план или со друг општ акт што го донесува Советот на Службата се уредува начинот на кој во текот на пресметковниот период од приходите на Службата се обезбедуваат средства за работа, на организационите единици и нивните работни заедници.

Член 71

Службата во текот на годината врши пресметка на приходите и расходите (периодична пресметка), а конечна пресметка на вкупните приходи и расходи врши на крајот на годината со завршната сметка.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 72

Статутот на Службата ќе се усогласи со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 73

До донесувањето на тарифата од член 68 на овој закон ќе се применува постојната тарифа.

Член 74

На генералниот директор и неговиот заменик во рокот на траењето на мандатот му се смета и времето поминато од последното именување.

На раководните работници во рокот на траењето на мандатот се смета и времето поминато од нивното последно именување на таа должност.

Член 75

До формирањето на Советот на Службата во смисла на одредбите од овој закон, постојниот Совет на Службата продолжува да работи со положба и функции утврдени со Законот за Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 44/77).

Советот на Службата е должен својата организација и начин на работа да ги усогласи со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 76

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" број 44/77).

Член 77

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

741.

Врз основа на член 30 став 1 од Законот за радиодифузија („Службен весник на СРМ" број 20/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА — СКОПЈЕ

За генерален директор на Радио-телевизија Скопје, се именува м-р Љубомир Јакимовски, директор и главен одговорен уредник на ООЗТ — Телевизија Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3822/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

742.

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство на Македонија („Службен весник на СРМ" број 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА

За заменик јавен обвинител во Јавното обвинителство на Македонија се именува Виктор Равњак, општински јавен обвинител во Кочани.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3827/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

743.

Врз основа на член 172 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА И ГРАДЕЖНИШТВО

За заменик на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво се именува Ратко Чадиковски, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3824/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

744.

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за јавното правобранителство („Службен весник на СРМ" број 9/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

За заменик јавен правобранител на Македонија се именува Владо Хаџихристов, претседател на Општинскиот суд Скопје I — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3825/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

745.

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста судија на Врховниот суд на Македонија Емини Хилми, поради исполнување услови за остварување право на лична пензија.

За судија на Врховниот суд на Македонија се избира

Петар Најданов, судија на Окружниот суд во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3826/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

746.

Врз основа на член 42 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ" број 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ПОСТОЈАНИ СУДИИ НА ОСНОВНИОТ СУД НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат од должноста постојани судии на Основниот суд на здружениот труд во Скопје

Љубинка Муратовска, поради избор во друг орган и

Теофил Томановиќ, поради избор во друг орган.

За постојани судии на Основниот суд на здружениот труд во Скопје се избираат

Зорица Димитрова, стручен соработник при Судот на здружениот труд на Македонија и

Раде Станојковски, судија во Општинскиот суд Скопје II — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3820/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

747.

Врз основа на член 162 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

Се разрешува од должноста член на Републичкиот комитет за економски односи со странство Велимир Бундалевски, поради остварување право на лична пензија.

За член на Републичкиот комитет за економски односи со странство се именува Томислав Јагуриновски, вицегувернер на Народната банка на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3823/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

748.

Врз основа на член 40 став 3 од Законот за Службата на општественото книговодство во СР Македонија („Службен весник на СРМ" број 44/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СР МАКЕДОНИЈА

За заменик на генералниот директор на Службата на општественото книговодство во СР Македонија се именува Никола Кацарски, секретар на Собранието на општината „Карпош" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3821/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

749.

Врз основа на член 167 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на Републичкиот завод за здравствена заштита, со која за директор на Заводот е именуван д-р Сотир Сотировски, раководител на Институтот за епидемиологија и микробиологија во Заводот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3835
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
м-р **Павле Георгиевски,** с. р.

750.

Врз основа на член 218 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" број 19/83), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1986 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со висината на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование за 1986 година, што со Одлука број 18-647/7 ја утврди Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница, на седницата одржана на 26 декември 1985 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3851/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

## 751.

Врз основа на член 27-а од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ“ број 5/74, 16/74, 9/78, 43/78, 31/81 и 25/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 30 декември 1985 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА ЗА 1986 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со висината на стапките на придонесите на Републичката заедница на културата за 1986 година, што со Одлука број 0804-56/87 ги утврди Собранието на Републичката заедница на културата, на седницата одржана на 27 декември 1985 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3845/1
30 декември 1985 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

728. Републички буџет за 1986 година — — 1129
729. Закон за извршување на Републичкиот буџет за 1986 година — — — — — — 1160
730. Измени на Републичкиот буџет за 1985 година — — — — — — — — — 1162
731. Закон за утврдување на стопански недоволно развиените краишта во периодот од 1986 до 1990 година — — — — — — 1163
732. Закон за изменување на Законот за републичките даноци на граѓаните — — 1163
733. Закон за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги — — — — — — 1163
734. Закон за изменување на Законот за административните такси — — — — — 1164
735. Закон за изменување и дополнување на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на втората фаза на реконструкцијата на Аеродромот „Скопје“ — — — — — 1164
736. Закон за изменување на Законот за обезбедување средства за намирување на дел од обврските создадени со изградбата на проектот „Фени“ — Кавадарци — — — 1165
737. Закон за давање надоместок на дел од каматата на кредитите за определени намени во периодот од 1986 до 1990 година 1165
738. Закон за престанување на важноста на Законот за надоместок на негативните курсни разлики по заемите од Меѓународната банка за обнова и развој — — — — 1166
739. Закон за изменување на Законот за обезбедување и насочување на средства за поттикнување на развојот на земјоделското производство и за компензација на цената на некои прехранбени производи — — 1166
740. Закон за Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — 1167
741. Одлука за именување на генерален директор на Радио-телевизија — Скопје — — 1174
742. Одлука за именување заменик јавен обвинител во Јавното обвинителство на Македонија — — — — — — — — 1174
743. Одлука за именување заменик на претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и градежништво — — 1174
744. Одлука за именување заменик јавен правобранител на Македонија — — — — 1174
745. Одлука за разрешување и избор на судија [illegible] Вр..овнио. суд н.. ..а..едониј.. — — 11..
746. Одлука за разрешување и избор на постојани судии на Основниот суд на здружениот труд во Скопје — — — — — 1175
747. Одлука за разрешување и именување член на Републичкиот комитет за економски односи со странство — — — — — — 1175
748. Одлука за именување заменик на генералниот директор на Службата на општественото книговодство во СР Македонија — 1175
749. Одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Републичкиот завод за здравствена заштита за именување директор на Заводот — — — — — — — 1175
750. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со висината на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование за 1986 година — — — — — — — 1175
751. Одлука за согласност на Собранието на Социјалистичка Република Македонија со висината на стапките на придонесите на Републичката заедница на културата за 1986 година — — — — — — — — 1176

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**